МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

2338

Врз основа на членови 7, 8, 9, 10, 15, 29, 33, 34, 53 став 4, 54 став 2, 56 став 4, 57 став5 и 64 став 3 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства („Службен весник на Република Хрватска“ број 80/2013), министерот надлежен за економија, донесува

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПРОМЕТОТ СО СТОКИ ЗА ВОНА НАМЕНА, ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И НЕВОЕНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

## ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ ОДНОСНО УВОЗ НА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА И НЕВОЕНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА ЗА КОМЕРАЦИЈАЛНИ ЦЕЛИ

### Член 1

1) Формата и содржината на поединечната дозвола за извоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства за комерцијални цели е пропишан со образецот МГ-ПДИ кој е составен дел од овој Правилник.

2) Формата и содржината на поединечната дозвола за увоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства за комерцијални цели е пропишан со образецот МГ-ПДУ кој е составен дел од овој Правилник.

3) Форма и содржина на поединечната дозвола за пренос на невоени убојни средства е пропишан со образецот МГ-ПДП, кој е составен дел од овој Правилник.

МГ-ПДИ

<table>
<tr><td colspan="2">Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50</td><td colspan="3">Број на дозвола<br><br>ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ<br><br>Класа<br>Дел.бр.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Издава Министерство за економија врз основа на член 7 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број 80/2013)</td></tr>
<tr><td colspan="2">1. ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">2. УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td colspan="2">3. ПОСРЕДНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">4. КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР. ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td colspan="2">6. Врска<br>Увозна дозвола бр.<br>Потврда за крајниот корисник бр</td><td colspan="3">7. ВАЖИ ДО</td></tr>
</table>

Потпис на одговорното лице: Дата и печат

МГ-ПДУ

<table>
<tr><td>Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50</td><td colspan="3">Број на дозвола<br><br>ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА УВОЗ<br><br>Класа<br>Дел.бр.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Издава Министерство за економија врз основа на член 7 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број 80/2013)</td></tr>
<tr><td>1. УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">2. ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>3. ПОСРЕДНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">4. КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР. ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td colspan="4">6. ВАЖИ ДО</td></tr>
</table>

Потпис на одговорното лице: Дата и печат

ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА БАРАЊЕ ЗА ГЛОБАЛНА ИЗВОЗНА ДОЗВОЛА И ГЛОБАЛНИ ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА ОД КАТЕГОРИЈА ВЛ13

Член 2

1) Формата и содржината на глобалната извнозна дозвола за извоз на стоки за воена намена од категорија ВЛ13 е пропишана со образецот МГ-ГИД, кој е составен дел од овој Правилник.

2) Барањето за глобална извозна дозвола за стоки за воена намена од категорија ВЛ13 се поднесува до Министерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗГИД, кој е составен дел од овој Правилник.

МГ-ГИД

| | |
|---|---|
| Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50 | Број на дозвола<br><br>ГЛОБАЛНА ИЗВОЗНА ДОЗВОЛА<br><br>Класа<br>Дел.бр. |
| Издава Министерство за економија врз основа на член 8 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број 80/2013) | |
| 1. ИЗВОЗНИК/ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | 2. ДРЖАВИ НА ОДРЕДИШТЕТО |
| | |
| 3. ОПИС НА СТОКИ | 4. ТАР. ОЗНАКА/ВЛ |
| 5. Услови<br>Реекспорт на стоки наведени во точка 3 од земјата на одредиштето во некоја друга земја не смее да се изврши без пишано одобрение од Министерството за економија на Република Хрватска | 6. ВАЖИ ДО |

Потпис на одговорното лице: Дата и печат

МГ-3ГИД

| | |
|---|---|
| БАРАЊЕ ЗА ГЛОБАЛНА ИЗВОЗНА ДОЗВОЛА | Приемен штембил |
| БАРАЊЕ БР. | |
| 1, ИЗВОЗНИК/ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | 2. ДРЖАВИ НА ОДРЕДИШТЕТО |
| | |
| 3. ОПИС НА СТОКИ | 4. ТАР. ОЗНАКА/ВЛ |
| | |
| 5. БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈАТА ОД ТРГОВСКИОТ СУД | |
| 6. Име и презиме на подносителот на барањето (со печатени букви) | 7. ДАТА И ПЕЧАТ |
| 8. Име, презиме и титула на одговорното лице (со печатени букви) | 9. Своерачен потпис на одговорното лице |
| 10. ОВА БАРАЊЕ Е<br><br>________ ОДОБРЕНО<br><br>________ ОДБИЕНО | 11. ПОТПИС<br><br>МОРХ (Министерство за одбрана)<br>МВР (министерство за внатрешни работи)<br>МВЕП (Министерство за надворешни и европски работи)<br>МИНГО (Министерство за економија)<br>МФ (Царинска урпава/Министерство а финансии) |

ФОРМА И СОДРЖИНА НА ИЗЈАВА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК, ПОТВРДА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК И ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА ПОТВРДА ЗА КРАЕН КОРИСНИК ЗА УВОЗ НА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА И НЕВОЕНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

Член 3

1) Формата и содржината на Изјава за крајниот корисник е пропишана со образецот МГ-ЕУС, кој е составен дел на овој Правилник.

ИЗЈАВА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК

1. Странки МГ-ЕУС

| а) Извозник | б) Увозник |
|---|---|
| Назив и адреса:<br><br>Телефон:<br><br>Факс:<br><br>Е-пошта: | Назив и адреса:<br><br>Телефон:<br><br>Факс:<br><br>Е-пошта: |
| в) Краен корисник<br><br>Назив и адреса:<br><br>Телефон:<br><br>Факс:<br><br>Е-пошта: | г) Дали вооружените сили или внатрешните сили за безбедност се краен корисник?<br><br>ДА – НЕ<br><br>Определена локација на која стоките ќе бидат користени или складирани (ако е познато и различно од (в) |

2. Стоки

| а) Количина на стоки | Б) Вредност на стоки | В) Опис на стоки согласно договорот, нарачката или пратката (да се определи според типот, според потрошувачката на стоки, вклучувјаќи ја должината на времето очекувано за времетраење на стоките) |
|---|---|---|

3. Опис на крајна употреба

| Ве молиме да ја наведете намената на стоките |
|---|
| Со ова крајниот корисник се обврзува за следното<br><br>- дека горенаведената стока ќе ја воведе според назначената вредност и количина<br>- дека стоката ќе ја користи единствено за горенаведените намени<br>- дека за сите значајни промени во фактите или изјавените намени ќе го извести Министерството за економија<br>- дека на извозникот ќе му достави доказ за увозот и приемот на стоките доколку тоа го побара извозникот или неговата влада<br>- дека нема ни под кои услови да ги реекспортира, пренасочи или претовари стоките |

или нивните делови на други дестинации освен на онаа што е дозволена од Министерството за економија.

- дека ќе им овозможи на надлежните надзорни тела подоцнежна контрола на стоките и документите според кои е извршен извозот, без претходно известување

Со ова потврдуваме дека барањето, според нашите сознанија, нема врска со оружје за масовно уништување или со возила за достава на таков оружје

Под полна кривична и материјална одговорност изјавувам дека сите податоци во оваа Изјава се вистинити

Име и презиме на одговорното лице (со печатени букви):

Своерачен потпис на одговорното лице:

Дата и печат:

2) Изјавата за крајниот корисник се доставува до Минситерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЕУС

Член 4

1) Формата и содржината на потврдата за крајниот корисник за увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства за комерцијални цели е пропишана со образецот МГ-ЕУЦ кој е составен дел од овој Правилник.

2) Барањето за Потврда за крајниот корисник за увоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства за комерцијални цели се поднесува до Министерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗЕУЦ, кој е составен дел од овој Правилник.

3) Министерството за економија издава Потврда за крајниот корисник со рок на важење до една година.

МГ-ЕУЦ

<table>
<tr><td>Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50</td><td colspan="3">Број на сертификат<br><br>ПОТВРДА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК<br><br>Класа<br>Дел.бр.</td></tr>
<tr><td>1. Увозник Идентификациски број</td><td colspan="3">2. Извозник Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>3. Краен корисник Идентификациски број</td><td colspan="3">4. Посредник Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР. ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td colspan="4">Со ова се потврдува дека горенаведениот увозник ќе ја увезе наведената стока на царинската територија на Република Хрватска. Извозот на овие стоки на друга дестинација нема да биде извршен освен со дозвола од Министерството за економија врз основа на Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ број 80/2013).<br><br>Документот е правосилен само ако е заверен од страна на Минситерството за економија. Рок на важење е 12 месеци од датата на издавањето.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Потпис на одговорното лице Печат Место и дата</td></tr>
</table>

МГ-ЗЕУЦ

<table>
<tr><td colspan="4">БАРАЊЕ ЗА ПОТВРДА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>1. Увозник</td><td colspan="3">2. Извозник</td></tr>
<tr><td>3. Краен корисник</td><td colspan="3">4. Посредник</td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР.ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">Со ова се потврдува дека горенаведениот увозник ќе ја увезе наведената стока на царинската територија на Република Хрватска. Извозот на овие стоки на друга дестинација нема да биде извршен освен со дозвола од Министерството за економија врз основа на Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ број 80/2013).<br><br>Документот е правосилен само ако е заверен од страна на Минситерството за економија. Рок на важење е 12 месеци од датата на издавањето.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Потпис на одговорното лице Место и дата Печат</td></tr>
</table>

## СОДРЖИНА И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗВОЗНИЦИ И УВОЗНИЦИ НА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА И НЕВОЕНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

### Член 5

1) Уписот во Регистарот на извозници и увозници на стоки за воена намена и невоени убојни средства се врши врз основа на пишано барање, заверено со печат и своерачен потпис на одговорното лице во правното или физичкото лице – фирма.

2) Содржината на Регистарот од став 1 од овој член ја сочинува документацијата пропишана со член 11 став 2 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства („Службен весник на РХ“ бр. 80/2013).

3) Во случај подносителот на барањето да не достави важечко барање односно пропшиана документација, должен е во определен рок да ти отстрани недостатоците, односно да го надополни поднесокот.

4) Известување за недостатоците од став 3 од овој член Министерството за економија може да ги достави по пишан пат, преку електронска пошта или устно, а за што ќе биде направена службена белешка.

5) Доколку подносителот на барањето во пропишаниот рок не го дополни барањето, односно не ги отстрани недостатоците за кои е известен, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

6) Во Регистарот се запишуваат следните податоци:

- реден број на уписот,
- дата и година на уписот,
- назив и седиште на правното односно физичкото лице – претприемачот.
- личен идентификациски број,
- податоци за одговорното лице,
- број на вработени,
- назив на банката чиј е депонент.

7) Врз основа на правилно поднесено барање и доставената документација Минситерството за економија донесува Решение за упис во Регистарот од став 1 од овој член.

## ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ ОДНОСНО УВОЗ НА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА И НЕВОЕНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

### Член 6.

1) Барањето за поединечна дозвола за извоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства за комерцијални цели се поднесува до Минситерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗПДИ, кој е составен дел од овој Правилник.

2) Барањето за поединечна дозвола за увоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства за комерцијални цели се поднесува до Министерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗПДУ, кој е составен дел од овој Правилник.

3) Барањето за поединечна дозвола за пренос на невоени убојни средства се поднесува до Минситерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗПДП, кој е составен дел од овој Правилник.

4) Сите рубрики од барањето мора да бидат правилно и читливо пополнети.

5) Подносителот на барањето е одговорен за точноста и вистиноста на податоците во барањето.

Член 7

Со барањето за поединечна дозвола за извоз односно увоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства подносителот на барањето е должен да ги приложи следните документи:

- спецификација на готова муниција и нејзините одделни компоненти (чаури, капсули, барут и зрна), односно спецификација на огненото оружје доколку барањето се однесува на наведените видови стоки.
- копија од документите кои ги наведуваат квалитетот и техничките карактеристики на стоки за стоки од Листата на стоки за воена намена (кога се работи за хемикалии формулата на структурата на материјата и регистарски број на сервисот за хемиски состави CAS),
- предсметка или нарачка,
- потврда со која правното, или физичкото лице-препtриемач докажува дека жиро сметката преку која работи не е во блокада во последните шест месеци,
- доказ за уплатена управна такса,
- зависно од видот на стоки, крајниот корисник или намената и друга потребна документација (соодветна спецификација на стоки, потребни податоци за крајната намена и/или слично).

Член 8

1) Подносителот на барањето за поединечна дозвола за извоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства е должен да ја приложи увозната дозвола издадена од надлежното тело на државата во која стоката се извезува и оригинален примерок на потврдата за крајниот корисник издадена или аверена од надлежното тело на државата во која стоката се извезува.

2) Увозната дозвола од став 1 од овој член не е потребно да се приложи со барањето за поединечна дозвола за извоз доколку надлежното тело на државата на увозот издаде потврда дека за предметните стоки во државата на увозот не е потребно да се извади увозна дозвола.

3) Потврдата за крајниот корисник од став 1 од овој член не е потребно да се приложи со барањето за поединечна дозвола за извоз доколку се работи за привремен извоз за потребите на изложба, семинар, обука, тестирање, демонстрација или поправка на стоки кај производувачот, како и враќање на неисправни стоки на производувачот како и извоз на примероци на оклопна или заштитна опрема, конструкции и компоненти од категоријата ВЛ13. од Листата на стоки за воена намена.

Член 9

1) Во случај на нецелосно поднесено барање, подносителот на барањето е должен во определен рок да ги отстрани недостатоците, односно да го дополни барањето.

2) Известување за недостатоците од став 1 од овој член Минситерството за економија може да ги достави по пишан пат, преку електронск апошта иил устно, а за што ќе биде изработена службена белешка.

3) Доколку подносителот на барањето во пропишаниот рок не го дополни барањето, односно не ги отстрани недостатоците за кои е известен, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

Член 10

Неискористената поединечна дозвола за извоз односно увоз извозникот односно увозникот е должен во рок од 5 дена од денот на истекот на дозволата да ја врати до Министерството за економија, со пишано образложение за причините за неискористување на дозволата.

Член 11

Во случај на губење на поединечната дозвола односно увозната дозвола извозникот односно увозникот е должен за тоа веднаш да го извести Министерството за економија, кое ќе донесе решение за престанок на важење на издадената дозвола со датумот на поднесеното известување.

Член 12

При поднесување на барањето за издавање на поединечна дозвола за извоз односно увоз сета приложена документација мора да биде преведена на хрватски јазик од страна на овластен судски преведувач.

МГ-ЗПДИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| БАРАЊЕ ЗА ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ | Приемен штембил | | |
| БАРАЊЕ БР. | | | |
| ЗЕМЈА ВО КОЈА СЕ ИЗВЕЗУВА | | | |
| 1. ИЗВОЗНИК/ ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | 2. УВОЗНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | | |
| 3. ПОСРЕДНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | 4. КРАЕН КОРИСНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | | |
| 5. ОПИС НА СТОКИ | ТАРИФНА ВЛ ОЗНАКА | КОЛИЧИНА | ВРЕДНОСТ НА СТОКИ |
| | | | |
| 6. решение на мвр | 7. ВРСКА<br>Увозна дозвола бр.<br>Потврда за крајниот корисник | | |
| 8. БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИОТ СУД | | | |
| 9. Име и презиме на подносителот на барањето (со печатени букви) | 10. ДАТА И ПЕЧАТ | | |
| 11. Име, презиме и титула на одговорното лице (со печатени букви) | 12. Своерачен потпис на одговорно лице | | |
| 13. ОВА БАРАЊЕ Е<br><br>_______ ОДОБРЕНО<br><br>_______ ОДБИЕНО | 14. ПОТПИС<br><br>МОРХ (Министерство за одбрана)<br>МВР (Министерство за внатрешни работи)<br>МВЕП (Министерство за надворешни и европски работи)<br>МИНГО (Министерство за економија)<br>МФ (Министерство за финансии-Царинска управа) | | |

МГ-ЗПДУ

<table>
<tr><td colspan="3">БАРАЊЕ ЗА ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА УВОЗ</td><td colspan="3" rowspan="3">Приемен штембил</td></tr>
<tr><td colspan="3">БАРАЊЕ БР.</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЗЕМЈА ОД КОЈА СЕ УВЕЗУВА</td></tr>
<tr><td colspan="3">1. УВОЗНИК/ ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">2. ИЗВОЗНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td colspan="3">3. ПОСРЕДНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">4. КРАЕН КОРИСНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td colspan="3">5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАРИФНА ВЛ ОЗНАКА</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">6. РЕШЕНИЕ НА МВР</td><td colspan="3">7. НАМЕНА НА УВОЗОТ</td></tr>
<tr><td colspan="6">8. БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИОТ СУД</td></tr>
<tr><td colspan="3">9. Име и презиме на подносителот на барањето (со печатени букви)</td><td colspan="3">10. ДАТА И ПЕЧАТ</td></tr>
<tr><td colspan="3">11. Име, презиме и титула на одговорното лице (со печатени букви)</td><td colspan="3">12. Своерачен потпис на одговорно лице</td></tr>
<tr><td colspan="3">13. ОВА БАРАЊЕ Е<br><br>_______ ОДОБРЕНО<br><br>_______ ОДБИЕНО</td><td colspan="3">14. ПОТПИС<br><br>МОРХ (Министерство за одбрана)<br>МВР (Министерство за внатрешни работи)<br>МВЕП (Министерство за надворешни и европски работи)<br>МИНГО (Министерство за економија)<br>МФ (Министерство за финансии-Царинска управа)</td></tr>
</table>

## СОДРЖИНА И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ЗА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА

Член 13

1) Уписот во Регистарот на даватели на услуги за стоки за воена намена се врши врз основа на пишано барање, заверено со печат и своерачен потпис на одговорното лице во правното или физичкото лице-претприемач.

2) Содржината на Регистарот од став 1 од овој член е составена од документацијата пропишана со членовите 30 став 2 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства („Службен бесник на РХ“ број 80/2013).

3) Во случај подносителот на барањето да не достави правилно барање односно прописна документација, должен е во определен рок да ги отстрани недостатоците, односно да го надополни поднесокот.

4) Известувањето за недостатоците од став 3 од овој член Министерството за економија може да го достави по пишан пат, преку електронска пошта или устно, а за што ќе биде направена службена белешка.

5) Доколку подносителот на барањето во пропишан рок не го дополни барањето, односно не ги отстрани недостатоците за кои е известен, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

6) Во Регистарот се запишуваат следните податоци:

- реден број на уписот,
- дата и година на уписот,
- назив и седиште на давателот на услуга,
- идентификациски број,
- податоци за одговорното лице,
- податоци за лицето задолжено за давање на брокерски услуги,
- број на вработени,
- назив на банката чиј е депонент.

7) Врз основа на правилно поднесено барање и доставената потребна документација Минситерството за економија е должно да го донесе Решението за упис во Регистарот од став 1 од овој член.

## ФОРМА И СОДРЖИНА НА ДОЗВОЛАТА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГА ЗА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА

Член 14

1) Формата и содржината на дозволата за давање на услуга е пропишана со образецот МГ-ДПУ, кој е составен дел од овој Правилник.

2) Дозволата од став 1 од овој член не е пренослива на друго лице.

МГ-ДПУ

<table>
<tr><td>Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50</td><td colspan="3">Број на дозвола<br><br>ДОЗВОЛА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГА<br><br>Класа<br>Дел.бр.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Издава Министерство за економија врз основа на член 33 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број 80/2013)</td></tr>
<tr><td>1. ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број</td><td colspan="3">2. ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>3. УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>идентификациски број</td><td colspan="3">4. КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>идентификациски број</td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР.ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>6. Врска<br>Увозна дозвола бр.<br>Потврда за крајниот корисник</td><td colspan="3">7. ВАЖИ ДО</td></tr>
</table>

Потпис на одговорното лице: Дата и печат

ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГА ЗА СТОКИ ЗА ВОЕНА НАМЕНА

Член 15

1) Барањето за издавање на дозвола за вршење на давањето на услуга за стоки за воена намена се поднесува до Минситерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗДПУ, кој е составен дел од овој Правилник.

2) Барањето мора прецизно да дефинира за каков вид услуга се работи и за останатите деловни активности кои се однесуваат на стоките з воена намена, вклучувајќи брокерски услуги и техничка помош.

3) Сите рубрики од барањето мора да бидат правилно и читливо пополнети.

4) Подносител на барањето е одговорен за точноста и вистинитоста на податоците во барањето.

Член 16

1) Со барањето за издавање на дозвола за вршење на давањето на услуги за стоки за воена намена подносителот на барањето е должен да ги приложи следните документи:

- спецификација на готова муниција и нејзините одделни компоненти (чаури, капсули, барут и зрна) односно спецификација на оружјето.
- копија од документите кои го наведуваат квалитетот и техничките карактеристики на стоките за стоки од Листата на стоки за воена намена (кога се работи за хемикалии формулата на структурата на материјата и регистрацискиот број на сервисок за хемиски состави CAS),
- заверена копија од потврдата за крајниот корисник,
- заверена копија од увозната дозвола,
- потврда со која правното или физичкото лице-претприемач докажува дека жиро сметката преку која работи не е во блокада во последните шест месеци,
- доказ за уплатена упрвна такса и
- зависно од видот на стиоките односно видот на услугата и друга потребна документација,

2) Увозната дозвола од став 1 алинеа 4 од овој член не е потребно да се приложи доколку надлежниот државен орган на државата во која стоките се извезуваат, издаде потврда дека за предметните стоки во државата на увозот не е потребно да се извади увозна дозвола.

Член 17

На барање на Министерството за економија давателот на услуга е должен да достави потврда за прием на стоки за воена намена, издадена од страна на крајниот корисник и заверена од надлежниот орган на државата на крајниот корисник.

Член 18

1) Во случај на нецелосно поднесено барање, подносителот на барањето е должен во определен рок да ги отстрани недостатоците, односно да го надополни барањето.

2) Известување за недостатоците од став 1 од овој член минситерството за економија може да ги достави по пишан пат, преку електронска пошта или устно, а за што ќе биде направена службена белешка.

3) Доколку подносителот на барањето во пропишаниот рок не го надополни барањето, односно не ги отстрани недостатоците за кои е известен, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

Член 19

Неискористената извозна односно увозна дозвола извозникот односно увозникот е должен во рок од 5 дена, од денот на истекувањето на дозволата, да ја врати на Министерството за економија со пишано образложение за причините на неискористување на дозволата.

Член 20

Во случај на губење на извозната односно увозната дозвола извозникот односно увозникот е должен за тоа веднаш да го извести Министерството за економија, кое ќе донесе решение за престанок на важење на издадената дозвола со датата на поднесеното известување.

Член 21

При поднесување на барањето за издавање на извозна односно увозна дозвола сета приложена документација мора да биде преведена на хрватски јазик кај овластен судски преведувач.

МГ-ЗДПУ

| | | | |
|---|---|---|---|
| БАРАЊЕ ЗА ДОЗВОЛА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГА | Приемен штембил | | |
| БАРАЊЕ БР. | | | |
| ЗЕМЈА ОД КОЈА СЕ УВЕЗУВА | | | |
| 1. ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | 2. ИЗВОЗНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | | |
| 3. УВОЗНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | 4. КРАЕН КОРИСНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број | | |
| 5. ОПИС НА СТОКИ | ТАРИФНА ВЛ ОЗНАКА | КОЛИЧИНА | ВРЕДНОСТ НА СТОКИ |
| | | | |
| 6. БРОЈ НА РЕШЕНИЕТО ОД РЕГИСТАРОТ | 7. ПОТВРДА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК Бр. | | |
| 8. БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИОТ СУД | | | |
| 9. Име и презиме на подносителот на барањето (со печатени букви) | 10. ДАТА И ПЕЧАТ | | |
| 11. Име, презиме и титула на одговорното лице (со печатени букви) | 12. Своерачен потпис на одговорно лице | | |
| 13. ОВА БАРАЊЕ Е<br><br>_______ ОДОБРЕНО<br><br>_______ ОДБИЕНО | 14. ПОТПИС<br><br>МОРХ (Министерство за одбрана)<br>МВР (Министерство за внатрешни работи)<br>МВЕП (Министерство за надворешни и европски работи)<br>МИНГО (Министерство за економија)<br>МФ (Министерство за финансии-Царинска управа) | | |

ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ГЛОБАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ГЛОБАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 22

1) Форма и содржина на глобална дозвола за пренос на одбранбени производи е пропишана со образецот МГ-ГДП, кој е составен дел од овој Правилник.

2) Барањето за глобална дозвола за пренос на одбранбени производи се поднесува до Министерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗГДП, кој е составен дел од овој Правилник.

3) Со барањето за издавање на глобална дозвола за пренос на одбранбените производи подносителот на барањето е должен да ги приложи следните документи:

- доказ за воспоставена Програма за внатрешна усогласеност (ПВУ),
- доказ за постоење на деловен однос со примателот на одбранбените производи,
- спецификација на одбранбените производи,
- тарифна ознака / ВЛ ознака на одбранбените производи,
- потврда со која правно или физичко лице-претприемач докажува дека жиро сметката преку која работи не е во блокада во последните шест месеци,
- доказ за уплатена управна такса и
- зависно од видот на стоките односно видот на услугата и друга потребна документација,

МГ-ГПД

| | |
|---|---|
| Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50 | Број на дозвола<br><br>ГЛОБАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС<br><br>Класа<br>Дел.бр. |
| Издава Министерство за економија врз основа на член 53 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број 80/2013) | |
| 1. ДОБАВУВАЧ-ПРИМАТЕЛ /ИМЕ И АДРЕСА) Идентификациски број | 2. ДРЖАВИ НА ОДРЕДИШТЕТО/ПОТЕКЛОТО |
| | |
| 3. ОПИС НА СТОКИ | 4. ТАР. ОЗНАКА / ВЛ |
| | |
| 5. Услови<br>Реекспортот на стоки наведени во точка 3 од земјата на одредиштето во некоја друга земја не смее да се врши без пишано одобрување од Министерството за економија на Република Хрватска | 6. ВАЖИ ДО |

Потпис на одговорното лице: Дата и печат

МГ-ЗГДП

<table>
<tr><td>БАРАЊЕ ЗА ГЛОБАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС</td><td rowspan="2">Приемен штембил</td></tr>
<tr><td>БАРАЊЕ БР.</td></tr>
<tr><td>1. ДОБАВУВАЧ-ПРИМАТЕЛ/ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број</td><td>2. ДРЖАВИ НА ОДРЕДИШТЕТО/ПОТЕКЛОТО<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3. ОПИС НА СТОКИ</td><td>4. ТАР. ОЗНАКА / ВЛ</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">8. БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИОТ СУД</td></tr>
<tr><td>9. Име и презиме на подносителот на барањето (со печатени букви)</td><td>10. ДАТА И ПЕЧАТ</td></tr>
<tr><td>11. Име, презиме и титула на одговорното лице (со печатени букви)</td><td>12. Своерачен потпис на одговорно лице</td></tr>
<tr><td>13. ОВА БАРАЊЕ Е<br><br>_______ ОДОБРЕНО<br><br>_______ ОДБИЕНО</td><td>14. ПОТПИС<br><br>МОРХ (Министерство за одбрана)<br>МВР (Министерство за внатрешни работи)<br>МВЕП (Министерство за надворешни и европски работи)<br>МИНГО (Министерство за економија)<br>МФ (Министерство за финансии-Царинска управа)</td></tr>
</table>

ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВНАТРЕШНА УСОГЛАСЕНОСТ

Член 23

1) Програмата за внатрешна усогласеност мора да ги содржи следните основни елементи:

1. Изјава за политиката на фирмата во контролата на преносот на одбранбените производи односно извозот/увозот на стоки за воена намена,

2. Именување на вработени одговорни за контрола на преносот односно извозот/увозот,

3. Водење на административна и трансакциска евиденција,

4. Обука на вработените кои работат на работите за пренос односно извоз/увоз

5. Внатрешна ревизија на постапување во согласност со процедурите пропишани со Програмата за внатрешна усогласеност,

6. Обработка на налози во согласност со Програмата за внатрешна усогласеност

7. Известуваање на надлежните државни органи во случај на неовластени или активности под знак прашалник,

8. Проверка на страните со ограничени права (физичко или правно лице)

9. Класификација на производи и технологија заради утврдување да ли наведените стоки подлежат на контрола односно да ли се наоѓаат на Листата на контролирани стоки,

10. Системот за проверка на ризикот од свртување на стоките од одобрената дестинација,

2) Во прилог набарањето за верификација на Програмата за внатрешна усогласеност подносителот доставува документ (Прирачник) кој ја опишува внатрешната усогласеност на фирмата за вршење на работите за пренос на одбранбени производи внатре во Европска унија а во согласност со десет погоре наведени основни елементи.

3) При изработка на Програмата за внатрешна усогласеност добавувачот прималел може да користи обрасци и упатства кои се наоѓаат на интернет страницата на министерството надлежно за економија (www.mingo.hr).

4) Верификација на Програмата за внатрешна усогласеност ја врши Комисија за издавање на согласност за извоз и увоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства, пренос на одбранбени производи и давање на услуги за стоки за воена намена врз основа на пишано барање од добавувачот/примателот на одбранбени производи.

5) Во својата работа Комисијата ја користи Препораката од Комисијата од 11 јануари 2011 година за сертификација на одбранбените фирми според член 9 од Директивата на Европскиот парламент и СОветот 2009/43/ЕЗ за поедноставување на условите за пренос на одбранбени производи внатре во Заедницата (SL. L 11, 15. 1. 2011.).

6) Во случај на позитивно мислење од Комисијата, министерот надлежен за економија донесува решение дека определена фирма (добавувач примател) има воспоставено систем за внатрешна усогласеност.

7) Потврдата се издава на период од три години по што истата може да биде обновена на исти рок.

## ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

### Член 24

1) Формата и содржината на поединечната дозвола за пренос на одбранени производи е пропишана со образецот МГ-ПДП кој е составен дел од овој Правилник.

2) Барањето за поединечна дозвола за пренос на одбранбените производи се поднесува до Министерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗПДП, кој е составен дел од овој Правилник.

3) Со барањето за поединечна дозвола за пренос на одбранбените производи подносителот на барањето е должен да ги приложи следните документи:

- спецификација на готова муниција и нејзините одделни компоненти (чаури, капсули, барут и зрна), односно спецификација на огненото оружје доколку барањето се однесува на наведените видови стоки.
- копија од документите кои ги наведуваат квалитетот и техничките карактеристики на стоки за стоки од Листата на стоки за воена намена (кога се работи за хемикалии формулата на структурата на материјата и регистарски број на сервисот за хемиски состави CAS),
- предсметка или нарачка,
- потврда со која правното, или физичкото лице-препtриемач докажува дека жиро сметката преку која работи не е во блокада во последните шест месеци,
- доказ за уплатена управна такса,
- зависно од видот на стоки, крајниот корисник или намената и друга потребна документација (соодветна спецификација на стоки, потребни податоци за крајната намена и/или слично).

### Член 25

1) Подносителот на барањето за пренос на одбранбени производи е должен да ја приложи дозволата за пренос издадена од надлежното тело на државата во која стоката се пренесува и оригинален примерок на потврдата за крајниот корисник издадена или аверена од надлежното тело на државата во која стоката се пренесува.

2) Дозволата и потврдата за крајниот корисник од став 1 од овој член не е потребно да се приложи со барањето за пренос доколку тоа не го предвидува законската регулатива на земјата во која се врши преносот или ако се работи за пренос за потребите на изложба, семинар, обука, тестирање, демонстрација или поправка на стоки кај производувачот, како и враќање на неисправни стоки на производувачот и пренос на примероци на оклопна или заштитна опрема, конструкции и компоненти од категорија ВЛ13 од Листата на одбранбени производи.

Член 26

1) Во случај на нецелосно поднесено барање, подносителот на барањето е должен во определен рок да ги отстрани недостатоците, односно да го дополни барањето.

2) Известување за недостатоците од став 1 од овој член Минситерството за економија може да ги достави по пишан пат, преку електронск апошта иил устно, а за што ќе биде изработена службена белешка.

3) Доколку подносителот на барањето во пропишаниот рок не го дополни барањето, односно не ги отстрани недостатоците за кои е известен, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

Член 27

Неискористената поединечна дозвола за извоз односно увоз извозникот односно увозникот е должен во рок од 5 дена од денот на истекот на дозволата да ја врати до Министерството за економија, со пишано образложение за причините за неискористување на дозволата.

Член 28

Во случај на губење на поединечната дозвола односно увозната дозвола извозникот односно увозникот е должен за тоа веднаш да го извести Министерството за економија, кое ќе донесе решение за престанок на важење на издадената дозвола со датумот на поднесеното известување.

Член 29

При поднесување на барањето за издавање на поединечна дозвола за извоз односно увоз сета приложена документација мора да биде преведена на хрватски јазик од страна на овластен судски преведувач.

МГ-ПДП

<table>
<tr><td>Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50</td><td colspan="3">Број на дозвола<br><br>ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС<br><br>Класа<br>Дел.бр.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Издава Министерство за економија врз основа на член 56 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број 80/2013)</td></tr>
<tr><td>1. ДОБАВУВАЧ (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">2. ПРИМЕАТЕЛ (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>3. ПОСРЕДНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">4. КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР.ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>6. Врска<br>Увозна дозвола бр.<br>Потврда за крајниот корисник бр.</td><td colspan="3">6. ВАЖИ ДО</td></tr>
</table>

Потпис на одговорното лице Дата и печат

МГ-ЗПДП

<table>
<tr><td>БАРАЊЕ ЗА ПОЕДИНЕЧНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕНОС</td><td colspan="3" rowspan="2">Приемен штембил</td></tr>
<tr><td>БАРАЊЕ БР.</td></tr>
<tr><td>1. ДОБАВУВАЧ (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">2. ПРИМАТЕЛ (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>3. ПОСРЕДНИК / ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број</td><td colspan="3">4. КРАЕН КОРОИСНИК/ИМЕ И АДРЕСА<br>Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАРИФНА/ВЛ ОЗНАКА</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>6. РЕШЕНИЕ НА МВР</td><td colspan="3">7. ВРСКА<br>Увозна дозвола бр.<br>Потврда за крајниот корисник</td></tr>
<tr><td colspan="4">8. БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИОТ СУД</td></tr>
<tr><td>9. Име и презиме на подносителот на барањето (со печатени букви)</td><td colspan="3">10. ДАТА И ПЕЧАТ</td></tr>
<tr><td>11. Име, презиме и титула на одговорното лице (со печатени букви)</td><td colspan="3">12. Своерачен потпис на одговорно лице</td></tr>
<tr><td>13. ОВА БАРАЊЕ Е<br><br>_______ ОДОБРЕНО<br><br>_______ ОДБИЕНО</td><td colspan="3">14. ПОТПИС<br><br>МОРХ (Министерство за одбрана)<br>МВР (Министерство за внатрешни работи)<br>МВЕП (Министерство за надворешни и европски работи)<br>МИНГО (Министерство за економија)<br>МФ (Министерство за финансии-Царинска управа)</td></tr>
</table>

ФОРМА И СОДРЖИНА НА ИЗЈАВАТА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК, ПОТВРДАТА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК И ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОТВРДА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК ЗА ПРЕНОС НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 30

1) Формата и содржината на Изјавата за крајниот корисник е пропишана со образецот МГ-ЕУСП, кој е составен дел од овој Правилник.

ИЗЈАВА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК

1. Странки МГ-ЕУСП

| а) Примател | Б) Добавувач |
|---|---|
| Назив и адреса:<br><br>Телефон:<br><br>Факс:<br><br>Е-пошта: | Назив и адреса:<br><br>Телефон:<br><br>Факс:<br><br>Е-пошта: |
| в) Краен корисник<br><br>Назив и адреса:<br><br>Телефон:<br><br>Факс:<br><br>Е-пошта: | г) Дали вооружените сили или внатрешните сили за безбедност се краен корисник?<br><br>ДА – НЕ<br><br>Определена локација на која стоките ќе бидат користени или складирани (ако е познато и различно од (в) |

2. Стоки

| а) Количина на стоки | б) Вредност на стоки | в) Опис на стоки согласно договорот, нарачката или пратката (да се определи според типот, според потрошувачката на стоки, вклучувјаќи ја должината на времето очекувано за времетраење на стоките) |
|---|---|---|

3. Опис на крајна употреба

| Ве молиме да ја наведете намената на стоките |
|---|
| Со ова крајниот корисник се обврзува за следното<br><br>- дека за горенаведената стока ќе изврши пренос според назначената вредност и количина<br>- дека стоката ќе ја користи единствено за горенаведените намени<br>- дека за сите значајни промени во фактите или изјавените намени ќе го извести |

Министерството за економија
- дека на добавувачот ќе му достави доказ за извршениот пренос и прием на стоките доколку тоа го побара добавувачот или неговата влада
- дека нема ни под кои услови да ги реекспортира, пренасочи или претовари стоките или нивните делови на други дестинации освен на онаа што е дозволена од Министерството за економија.
- дека ќе им овозможи на надлежните надзорни тела подоцнежна контрола на стоките и документите според кои е извршен извозот, без претходно известување

Со ова потврдуваме дека барањето, според нашите сознанија, нема врска со оружје за масовно уништување или со возила за достава на таков оружје

Под полна кривична и материјална одговорност изјавувам дека сите податоци во оваа Изјава се вистинити

Име и презиме на одговорното лице (со печатени букви):

Своерачен потпис на одговорното лице:

Дата и печат:

2) Изјавата за крајниот корисник се доставува до Минситерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЕУС

Член 31

1) Формата и содржината на потврдата за крајниот корисник за пренос на одбранбените производи е пропишана со образецот МГ-ЕУЦП кој е составен дел од овој Правилник.

2) Барањето за Потврда за крајниот корисник за пренос на одбранбени производи се поднесува до Министерството за економија на пропишаниот образец МГ-ЗЕУЦП, кој е составен дел од овој Правилник.

3) Министерството за економија издава Потврда за крајниот корисник со рок на важење до една година.

МГ-ЕУЦП

<table>
<tr><td colspan="2">Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50</td><td colspan="3">Број на сертификат<br><br>ПОТВРДА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК<br><br>Класа<br>Дел.бр.</td></tr>
<tr><td>1. Примател</td><td>Идентификациски број</td><td colspan="3">2. Добавувач Идентификациски број</td></tr>
<tr><td>3. Краен корисник</td><td>Идентификациски број</td><td colspan="3">4. Посредник Идентификациски број</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР. ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td colspan="5">Со ова се потврдува дека горенаведениот примател ќе изврши пренос на стоки на царинската територија на Република Хрватска. Преносот на овие стоки на друга дестинација нема да биде извршен освен со дозвола од Министерството за економија врз основа на Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ број 80/2013).<br><br>Документот е правосилен само ако е заверен од страна на Минситерството за економија. Рок на важење е 12 месеци од датата на издавањето.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Потпис на одговорното лице Печат Место и дата</td></tr>
</table>

МГ-ЗЕУЦ

<table>
<tr><td colspan="4">БАРАЊЕ ЗА ПОТВРДА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК</td></tr>
<tr><td>1. Примател</td><td colspan="3">2. Добавувач</td></tr>
<tr><td>3. Краен корисник</td><td colspan="3">4. Посредник</td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИ</td><td>ТАР.ОЗНАКА/ВЛ</td><td>КОЛИЧИНА</td><td>ВРЕДНОСТ НА СТОКИ</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">Со ова се потврдува дека горенаведениот примател ќе го изврши преносот на стоки на царинската територија на Република Хрватска. Преносот на овие стоки на друга дестинација нема да биде извршен освен со дозвола од Министерството за економија врз основа на Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ број 80/2013).<br><br>Документот е правосилен само ако е заверен од страна на Минситерството за економија. Рок на важење е 12 месеци од датата на издавањето.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Потпис на одговорното лице Место и дата Печат</td></tr>
</table>

ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ И СЕРТИФИКАТ ЗА ПРАВНИ ИЛИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА – ПРЕТПРИЕМАЧИ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ПРОИЗВОДСТВО НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 32

1) Формата и содржината на сертификатот за правни или физички лица – претприемачи кои се занимаваат со производство на одбренбени производи е пропишана со образецот МГ-СЕРТ. кој е составен дел од овој Правилник.

2) Министерството за економија издава сертификат за правни или физички лица – претприемачи кои се занимаваат со производство на одбранбени производи на хрватски јазик и копија од истиот на англиски јазик, за потребите на задолжително известување на Европската комисија согласно член 70 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства („Службен весник на РХ“ број 80/2013).

МГ-ЦЕРТ

<table>
<tr><td align="center">Грб на Република Хрватска<br><br>РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>Загреб, Ул. града Вуковара 78<br>Тел: +3851-610-61-11 факс +3851-610-91-50</td></tr>
<tr><td align="center">СЕРТИФИКАТ<br>Издаден според Директивата 2009/43/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 6 мај 2009 за поедноставување на условите за пренос на одбранбени производи внатре во Европската унија</td></tr>
<tr><td align="center">СЕРТИФИКАТ бр. XXX-</td></tr>
<tr><td>Претпријатие-прималел ...................................................... (назив на претпријатие-прималел)<br>Регистрирано под ............................................................. (трговски регистарски број)<br>Адреса ......................................................................... (седиште, улица, поштенски број, град)<br>Во согласност со барањата од член 9 (2) од Директивата 2009/43/ЕЗ како што е наведено во член 65 од Законот за надзор на прометот на стоки за воени намени и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број: 80/2013)<br><br>Сертифицираното претпријатие-прималел и неговите производни единици како што се наведени на долната листа, овластени се да примаат одбранбени производи за сопствено производство и потреби за одржување и поправки по општите дозволи за пренос кои се објавени од другите држави членки.<br><br>Адреси на производните единици: ...........................................................................................</td></tr>
<tr><td>(Опциона рубрика за исклучување):<br><br>Овој сертификат овозможува прием на одбранбени производи од Заедничката листа на одбранбени производи на Европската унија, освен на следните категории:<br><br>..........................................................................................</td></tr>
<tr><td>Условите од овој сертификат се наведени во член 65 од Законот за надзор на прометот со стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број: 80/2013)<br><br>Овој сертификат важи од ............. (дата на стапување на сила) до................ (дата на истекување)</td></tr>
<tr><td>Издадено во ............................................................................................ (место)<br>На ден ................................................................................................ (дата на издавањето)</td></tr>
</table>

3) Барањето за издавање на сертификат за прием на одбранбени производи се поднесува до Министерството за економија на пропишаниот образев МГ-ЗЦЕРТ, кој е составен дел од овој Правилник

МГ-ЗЦЕРТ

| НАЗИВ И АДРЕСА НА ПРИМАТЕЛОТ |
| --- |
| БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ПРИЕМ НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ<br><br>според Директивата 2009/43/ЕЗ од Европскиот парламент и Советот од 6 мај 2009 за поедноставување на условите за пренос на одбранбени производи внатре во Европска унија |
| Претпријатие-примател .................................................... (назив на претпријатие-примател)<br>Регистрирано под ............................................................ (трговски регистарски број)<br>Адреса ....................................................................... (седиште, улица, поштенски број, град)<br><br>Со ова се потврдува дека примателот и неговите производни единици како што се наведени на долната листа, ќе ги примаат одбранбените производи за сопствено производство и потреби за одржување и поправки по општите дозволи за пренос кои се објавени од другите држави членки.<br><br>Адреси на производните единици: ........................................................................................ |
| (Опциона рубрика за исклучување):<br><br>Со сертификатот се овозможува прием на следните категории одбранбени производи од Заедничката листа на одбранбени производи на Европската унија:<br><br>....................................................................................... |
| Барањето за издавање на сертификатот за прием на одбранбени производи е поднесено во согласност со член 64 од Законот за надзор на прометот на стоки за воена намена и невоени убојни средства (Службен весник на РХ, број: 80/2013) |
| Име и презиме на одговорното лице (со печатени букви):<br><br>______________________________<br>Своерачен потпис на одговорното лице<br><br>______________________________ |
| Место, дата и печат: |

Член 33

Со стапување на сила на овој Правилник престануваат да важат Правилниците:

- Правилник за образецот на барањето за издавање на дозвола за извоз односно увоз на стоки за воена намена и невоени убојни средства („Службен весник на РХ“, број 1/2009 и 26/2013),

- Правилник за образецот на барањето за издавање на дозвола за вршење на давањето на услуги („Службен весник на РХ“ број 1/2009 и 26/2013),

- Правилник за содржината и начинот на водење на регистерот на извозници и увозници на стоки за воена намена и невоени убојни средства („Службен весник на РХ“, број 1/2009 и 26/2013),
- Правилник за формата и содржината на дозволата за давање на услуги за стоки за воена намена („Службен весник на РХ“, број 1/2009 и 26/2013),
- Правилник за формата и содржината на потврдата за крајниот корисник за увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства за комерцијални цели („Службен весник на РХ“, број 1/2009 и 26/2013),
- Правилник за содржината и начинот на водење на регистарот на даватели на услуго за стоки за воена намена („Службен весник на РХ“, број 1/2009 и 26/2013).

Член 34

Овој Правилник стапува на сила првиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РХ“.

Класа: 011-01/13-01/222
Дел.број: 526-04-01-01-02/1-13-7
Загреб, 31 јули 2013

Министер за
економија
**Иван Врдољак**, с.р.